**ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА**
**- РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ -**
**- РЕЈТИНГ НА ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ -**
**- ЕУ И НАТО -**

Почитувани,

Помеѓу 1-3 Септември 2009 година, Институтот за демократија спроведе редовна телефонска анкета.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

**АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Анкетниот прашалник се состоеше од повеќе прашања на кои испитаниците ги дадоа следните одговори.

Во **ПРВОТО ПРАШАЊЕ** се мереше рејтингот на политичките партии. Во однос на рејтингот на партиите во Република Македонија, најголем рејтинг во моментов има ВМРО-ДПМНЕ со 24,9%, по што следува Социјалдемократскиот сојуз со 9,5%. Останатите партии од македонскиот блок уживаат доверба помала од 1%. Во албанскиот блок партии, најголем рејтинг има Демократската унија за интеграција со 7,1%, по која следуваат Нова Демократија со 2,6% и Демократската партија на Албанците со 1,9%.Процентот на испитаниците кои не дале одговор на ова прашање или немаат партиска преференца изнесува 52,4%.



**ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** се однесува на рејтингот на политичарите во Република Македонија. Во отворената листа кај која испитаниците се одлучуваат само за еден политичар, убедливо водат лидерите на политичките партии. Најголем рејтинг има лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски т.е. 26,1% по кој следува лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, Бранко Црвенковски со 8,5%. Кај албанскиот политички блок најголем рејтинг ужива лидерот на ДУИ, Али Ахмети т.е. 6,7% по кој следува лидерот на Нова Демократија, Имер Селмани со 2,9%. Трет на оваалиста е лидерот на ДПА, Мендух Тачи кој има рејтинг од 1,4% од вкупното гласачко тело. Над 1% рејтинг има и актуелниот градоначелник на Гостивар, Руфи Османи (1,1%). На ниеден политичар не му веруваат 36% од испитаниците.



Во **ТРЕТОТО ПРАШАЊЕ** се мереше перцепцијата за оценката на работата на најважните странски и домашни институции (од 1 до 5). Од домашните институции највисоки оценки добиваат Владата на РМ и Претседателот на РМ т.е просечна оценка 2,95 и 2,78 соодветно. Високи оценки за својата работа добива и невладиниот сектор т.е. 2,96. Нешто пониски средни оценки добиваат Собранието на РМ (2,55), опозицијата (2,47) и судството (2,37). Странските организации добиваат средна оценка 2,96.




**ЧЕТВРТОТО ПРАШАЊЕ** ја одразува оценката за водечките политичари во државата. Испитаниците беа запрашани дали за одреден политичар имаат позитивно или негативно мислење. Добиените податоци укажуваат дека само два политичари од водечката шесторка имаат поголем процент на позитивно отколку негативно мислење кај испитаниците. Најпозитивно мислење испитаниците имаат за Никола Груевски (46,8% - позитивно, 32,7% - негативно). Вториот политичар кој има повеќе позитивни откоку негативни оценки е Ѓорге Иванов кој позитивно го оцениле 37,6% а негативно 33,1%.

Од политичарите кои имаат поголем негативен од позитивен одиум кај гласачкото тело, најпозитивна перцепија кај испитаниците има за Имер Селмани (35,5% - позитивно, 40,5% - негативно), по што следуваат Бранко Црвенковски (23,4% - позитивно, 51,3% - негативно), Али Ахмети (19,7% - позитивно, 54,4% - негативно) и Мендух Тачи (9,7% - позитивно, 65,5% - негативно).




На **ПОСЛЕДНИТЕ ДВЕ ПРАШАЊА** ги прашавме испитаниците како би гласале на референдум за влез во ЕУ и на референдум за влез во НАТО. Трендот на висока поддршка е воочлив и во ова истражување при што процентот на граѓани кои на евентуален референдум би го поддржале членството на Македонија во ЕУ и НАТО е скоро идентичен.

Така влезот на Република Македнија во ЕУ е поддржан од 83,9% од испитаниците, додека влезот во НАТО е поддржан од страна на 83,1% од испитаниците. Против се само 8% од испитаниците.




НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на Институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Институт за Демократија (ИДСЦС)
тел. +389 2 3094 760